# АНАЛИЗА НА СИТЕ ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ОД СТРАНА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПРОТИВ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ, ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ И ОПЕРАТОРИТЕ НА ЈАВНА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА И НАЈЧЕСТИ ПРЕКРШУВАЊА ОД СТРАНА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ, ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИТЕ МЕДИУМИ И ОПЕРАТОРИТЕ НА ЈАВНА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА

**во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2014 година**

## I. ПРАВНА РАМКА

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 6 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) е надлежна да презема мерки во согласност со законот во случаите кога е извршена повреда на одредбите од овој закон или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Кога при вршење на работите од својата надлежност Агенцијата ќе констатира непочитување на одредбите од овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавач на медиум, давател на аудиовизуелни услуги по барање или оператор на јавни електронски комуникациски мрежи кој врши реемитување на програмски сервиси, директорот на Агенцијата, согласно член 23 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, може да ги преземе следниве мерки:

- да донесе решение со кое ќе го опомене;
- да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка во случај кога и покрај донесеното решение за опомена продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменет, во текот на годината;
- да достави предлог до Советот за одземање на дозволата или
- да донесе решение за бришење од регистарот согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Погоре наведените законски преземени мерки со детално образложение, Агенцијата ги објавува на својата веб страница во рок од три дена од преземената мерка.

Од друга страна пак, согласно член 27 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело врши исклучиво административен надзор над исполнувањето на обврските утврдени во членовите 6, 7, 12 и 13 од Законот за медиуми, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Мерките кои Агенцијата може да ги преземе, а кои се утврдени во член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреди на одредбите од Законот за медиуми.

## II. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ВО АНАЛИЗИРАНИОТ ПЕРИОД

Во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2014 година, за констатирани непочитувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, **Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, презеде вкупно 75 (седумдесет и пет) мерки,** од кои:

- 55 (педесет и пет) решенија за преземање мерка – опомена и тоа:
  - ✓ 36 (триесет и шест) решенија за констатирани непочитувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и
  - ✓ 19 (деветнаесет) решенија за констатирани непочитувања на одредбите од Законот за медиуми,

- 16 (шеснаесет) барања за поведување на прекршочна постапка, од кои 14 (четиринаесет) барања против оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и 2 (две) барања против радиодифузери,

- 1 (една) одлука за одземање на дозволата за радио емитување и

- 3 (три) решенија за бришење од регистарот на радиодифузери.

### III.1 Решение за преземање мерка – опомена

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2014 година на радиодифузерите и издавачи на печатените медиуми им изрече 55 (педесет и пет) решенија за преземање мерки – опомени за констатирани непочитувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Прегледот на преземени мерки – опомени со податоци за радиодифузерот и за издавачите на печатените медиуми на кој е изречена мерката, Уп 1 број и датум на решението за преземање мерка – опомена, одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми кои се прекршени, опис на прекршокот е даден како Прилог бр.1, кон оваа анализа.

#### *III.1.1 Решение за преземање мерка – опомена заради констатирани повреди на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги*

Од вкупно 55 (педесет и пет) изречени решенија за преземање мерка - опомена во извештајниот период, 36 (триесет и шест) се за повреди на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Најчести повреди за кои се изречени мерките – опомени во анализираниот период, се повредите на одредбите од член 50 став 3 и член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. За непочитување на член 50 став 3 (необезбедување претходно акустично предупредување и визуелни знаци во текот на времетраењето на програмите кои би можеле да им наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица) и на член 98 став 1 (емитување на рекламни содржини што не се јасно одвоени од другите делови на

програмата со оптички и/или звучни средства), беа изречени по 7 (седум) мерки – опомени.

Како честа повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради која Директорот на Агенцијата донесе решенија за изрекување мерка – опомена, претставува и надминувањето на дозволеното време на рекламирањето и на телешопинг спотовите повеќе од 12 минути на еден реален час (член 100 став 1 од ЗАВМУ). Во периодот од 1-ви јули 2014 година до 31-ви декември 2014 година, Директорот на Агенцијата во 5 (пет) наврати констатираше неисполнување на оваа законска обврска.

По 2 (две) решенија за изрекување мерка – опомена беа изречени за: емитување прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации (член 53 став 2 од ЗАВМУ), идентификување на спонзорот во текот на документарните и на програмите за деца (член 54 став 9 од ЗАВМУ), непочитување на обврската дневно обезбедување најмалку 40% од емитуваната музика да биде инструментална од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално инструментална музика на македонски јазик (член 92 став 13 од ЗАВМУ) и за емитување на рекламирање и телешопинг во програми за деца чие времетраење е еднакво или пократко од 30 минути (член 99 став 4 од ЗАВМУ).

Едно решение за изрекување мерка – опомена беше изречено за емитување аудиовизуелна комерцијална комуникација која не ги исполнува условите да биде вистинита и чесна, односно има потенцијал да ја заведе јавноста и е против интересите на потрошувачите (член 53 став 17 алинеја 2 од ЗАВМУ).

Во извештајниот период, поради тоа што во спонзорираните аудио или аудиовизуелни медиумски услуги или програми не е јасно означено дека се работи за спонзорирана програма (член 54 став 2 од ЗАВМУ), беше изречено 1 (едно) решение за изрекување мерка – опомена.

Заради неемитување на програма на македонски јазик и кирилско писмо (член 64 став 1 од ЗАВМУ), Агенцијата изрече 1 (едно) решение за изрекување мерка – опомена.

Во врска со повредата на член 92 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – непочитување на обврската за процентуална распределба на емитуваната музика, исто така беше изречено едно решение за изрекување мерка – опомена.

1 (едно) решение за изрекување мерка – опомена Агенцијата изрече заради непочитување на обврската од страна на еден радиодифузер дневно да обезбеди најмалку 40% од емитуваната музика да биде инструментална од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално инструментална музика на македонски јазик (член 92 став 15 од ЗАВМУ).

Заради неемитување на знакот за идентификација на радиодифузерот најмалку еднаш во текот на еден реален час на радио програма (член 97 став 2 од ЗАВМУ), Агенцијата изрече 1 (едно) решение за изрекување мерка опомена.

1 (едно) решение за изрекување мерка беше изречено и поради емитување поголем број на рекламни блокови во програма за деца која трае повеќе од 30 минути, без времето одвоено за рекламирање и телешопинг (член 99 став 5 од ЗАВМУ).

Решение за изрекување мерка – опомена Агенцијата изрече и поради емитување рекламирање во периодот од 17.00 до 21.00 часот кое не е емитувано во рамки на програми за кои е утврден исклучок од Законот, односно не е емитувано во преноси и интегрални снимки на спортски натпревари, програма од сопствена продукција, друга програма произведена во Република Македонија, културни манифестации и настани од големо значење (член 103 став 4 од ЗАВМУ).

Едно решение за изрекување мерка – опомена Агенцијата изрече против еден радиодифузер заради констатирана повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 19 од Правилникот за заштита на

малолетните лица, која се состои во тоа што за време на емитувањето на играните програми не се аплицирани визуелни знаци за заштита на малолетните лица.

### *III.1.2. Решение за преземање мерка – опомена заради констатирани повреди на одредбите од Законот за медиуми*

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во периодот од 1-ви јули до 31 декември 2014 година за констатирани повреди на Законот за медиуми донесе 19 (деветнаесет) решенија за преземање мерка – опомена, сите за констатирана повреда на член 12 став 1 од Законот за медиуми, која се однесува на тоа дека издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (примерок од печатен медиум) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци.

## II.2 Поднесени барања за поведување на прекршочна постапка

Агенцијата согласно член 23 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поднесува барања за поведување на прекршочна постапка во случај кога и покрај донесеното решение за опомена издавачот на медиум, давателот на аудиовизуелните услуги по барање или операторот на јавни електронски комуникациски мрежи, продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменет, во текот на тековната 2014 година.

Во анализираниот период, Агенцијата поднесе вкупно 16 (шеснаесет) барања за поведување на прекршочна постапка, од кои 14 (четиринаесет) барања против оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и 2 (две) барања против радиодифузери. Во прегледот даден како Прилог бр.3 кон оваа анализа, дадени се податоци за: радиодифузерите и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа против кои е поднесено барањето за поведување на прекршочна постапка, архивски број и датум на поднесеното барањето за поведување на прекршочна постапка, одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кои се прекршени и опис на прекршокот.

Барањата за поведување на прекршочни постапки во анализираниот период беа поднесени за повреди на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Најголемиот број на барања за поведување на прекршочна постапка, Агенцијата поднесе за прекршок на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој се состои во реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата. За наведеното во анализираниот период Агенцијата против 10 (десет) оператори на јавни електронски комуникациски мрежи поднесе 12 (дванаесет) барања за поведување на прекршочна постапка.

Две барања за поведување на прекршочна постапка се поднесени против оператори на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитувале програмски сервис со титл на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, со што постапиле спротивно на член 64 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

По извршениот контролен надзор констатирано е дека двајца радиодифузери во утврдениот рок (30 дена по приемот на мерката) не постапиле по изречените решенија за изрекување мерка – опомена. По спроведената постапка за порамнување, која заврши неуспешно, се одлучи да се поднесат барања за поведување на прекршочна постапка пред надлежните судови, против двајцата радиодифузери, и тоа: едното поради прекршување на член 50 став 3 од ЗАВМУ

(необезбедување претходно акустично предупредување и визуелни знаци во текот на времетраењето на програмите кои би можеле да им наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, а другото поради прекршување на член 98 став 1 од истиот закон односно поради регистрирано емитување на рекламни содржини што не се јасно одвоени од другите делови на програмата со звучни средства.

### III.3. Одлука за одземање на дозволата за радио емитување

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2014 година, констатираше дека еден локален радиодифузер не ги исполнил обврските предвидени во член 13 став 1, а во врска со став 6 од Законот за медиуми и не ги доставил податоците до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста (член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги). Имајќи го во предвид наведеното, Советот на Агенцијата на 2-та седница одржана на 14.07.2014 година, донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување.

Во прегледот даден како Прилог бр.4 кон оваа анализа, дадени се податоци за: радиодифузерот на кој му е одземена дозволата, Уп 1 број и датум на одлуката за одземање на дозволата за радио емитување, одредби од Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кои се прекршени и опис на прекршокот.

### III.4. Решенија за бришење од регистарот на радиодифузери

Во анализираниот период, Директорот на Агенцијата донесе 3 (три) решенија за бришење од регистарот на радиодифузери и тоа за:

- Трговското радиодифузно друштво ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга поради донесена Одлука Уп 1 бр.07-349 од 02.12.2011 година, со која Агенцијата ја одзеде дозволата на наведениот радиодифузер, пред истекот на рокот за кој што е издадена дозволата,
- Трговското радиодифузно друштво ПРОДУКЦИЈА – ЛГН експорт – импорт ДОО Неготино поради доставена писмена изјава со која имателот ја извести Агенцијата дека престанува со емитување на радио програмата и за
- Трговското радиодифузно друштво РАДИО МОРИС ПЛУС ДООЕЛ Македонски Брод – по настапување на ликвидација на имателот на дозволата.

Во прегледот даден како Прилог бр.5 кон оваа анализа, дадени се податоци за: радиодифузерите за кои се донесени решенија за бришење од регистрите на радиодифузери, УП 1 број и датум на решенијата за бришење од регистарот на радиодифузери.

## IV. ОСВРТ НА СИТЕ КОНСТАТИРАНИ ПОВРЕДИ

### IV.1 *Повреди на членовите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и на Правилникот за заштита на малолетните лица, за кои се изречени мерките предмет на оваа анализа*

Радиодифузерите, издавачите на печатени медиуми и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2014 година, прекршија вкупно дваесет одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни

медиумски услуги, Законот за медиуми и на Правилникот за заштита на малолетните лица.

**Најчеста повреда** во периодот од 1-ви јули 2014 година до 31-ви декември 2014 година, беше прекршувањето на **член 12 став 1 од Законот за медиуми.** Прекршувањето на Законот за медиуми се состоеше во непочитување на обврската согласно која издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (примерок од печатен медиум) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци. Во предметниот период **Агенцијата** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги **констатираше 19 (деветнаесет) повреди** од ваков тип.

**Вкупно 12 (дванаесет) прекршувања** од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи во предметниот период **беа констатирани за член 141 став 13 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кое се состоеше во реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во предметниот период, **Агенцијата констатираше 12 (дванаесет) повреди од ваков тип.**

**По 7 (седум) мерки за секој член, од страна на радиодифузерите во предметниот период, беа изречени и за констатирани прекршување на: член 50 став 3 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (емитување на програми што не се означени пред почетокот на нивното времетраење со соодветно акустично предупредување и програми кои во текот на нивното времетраење не се означени со визуелни знаци) **и на член 98 став 1 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (регистрирано емитување на рекламни содржини што не се препознатливи и јасно одвоени од другите делови на програмата со оптички и/или звучни средства).

**Во 5 (пет) случаи радиодифузерите го надминаа дозволеното времетраење на рекламирањето и на телешопинг спотовите повеќе од 12 минути на еден реален час,** со што ги прекршија одредбите од член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**По 2 (две) мерки одделно за секој констатиран прекршок, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изрече поради:**

- емитување прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации (член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги),
- идентификување на спонзорот во текот на документарните и на програмите за деца (член 54 став 9 од ЗАВМУ),
- непочитување на обврската дневно обезбедување најмалку 40% од емитуваната музика да биде инструментална од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално инструментална музика на македонски јазик (член 92 став 13 од ЗАВМУ) и за
- емитување на рекламирање и телешопинг во програми за деца чие времетраење е еднакво или пократко од 30 минути (член 99 став 4 од ЗАВМУ).

Во анализираниот период од страна на **радиодифузерите беа констатирани повреди и на одредбите од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги **кои се однесуваат на**:

- емитување аудиовизуелна комерцијална комуникација која не ги исполнува условите да биде вистинита и чесна, односно има потенцијал да ја заведе јавноста и е против интересите на потрошувачите (член 53 став 17 алинеја 2 од ЗАВМУ),
- тоа што во спонзорираните аудио или аудиовизуелни медиумски услуги или програми не е јасно означено дека се работи за спонзорирана програма (член 54 став 2 од ЗАВМУ),

- неемитување на програма на македонски јазик и кирилско писмо (член 64 став 1 од ЗАВМУ),
- непочитување на обврската за процентуална распределба на емитуваната музика (член 92 став 4 од ЗАВМУ),
- непочитување на обврската од страна на еден радиодифузер дневно да обезбеди најмалку 40% од емитуваната музика да биде инструментална од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално инструментална музика на македонски јазик (член 92 став 15 од ЗАВМУ),
- неемитување на знакот за идентификација на радиодифузерот најмалку еднаш во текот на еден реален час на радио програма (член 97 став 2 од ЗАВМУ),
- емитување поголем број на рекламни блокови во програма за деца која трае повеќе од 30 минути, без времето одвоено за рекламирање и телешопинг (член 99 став 5 од ЗАВМУ),
- емитување рекламирање во периодот од 17.00 до 21.00 часот кое не е емитувано во рамки на програми за кои е утврден исклучок од Законот, односно не е емитувано во преноси и интегрални снимки на спортски натпревари, програма од сопствена продукција, друга програма произведена во Република Македонија, културни манифестации и настани од големо значење (член 103 став 4 од ЗАВМУ).

**Едно мерка Агенцијата изрече** и **заради констатирана повреда на член 50 став 3 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги **и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица**, која се состои во тоа што за време на емитувањето на играните програми не се аплицирани визуелни знаци за заштита на малолетните лица.

Исто така, **изречена е една мерка** на радиодифузер поради тоа што имателот на дозволата не ги исполнил обврските предвидени во член 13 став 1, а во врска со став 6 од Законот за медиуми и не ги доставил податоците до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,

### *IV.2 Структура на изречените мерки од страна на Агенцијата*




*Слика бр.1, Графички приказ на структурата на изречените мерки од страна на Агенцијата во периодот од 01.07 до 31.12.2014 година*

### *IV.3. Структура на решенија за изречена мерка – опомена по Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми*




*Слика бр.2, Графички приказ на структурата на решенија за изречени мерки – опомени по Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми од страна на Агенцијата во периодот од 01.07 до 31.12.2014 година*

## IV.4 Структура на поднесени барања за поведување на прекршочна постапка




*Слика бр.3, Графички приказ на структурата на поднесени барања за поведување на прекршочна постапка поради прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на Агенцијата во периодот од 01.07 до 31.12.2014 година*

## V. Спроведување на изречените мерки – Решенија за изрекување мерка - опомена од страна на радиодифузерите

По однос на тоа каква е состојбата во спроведувањето на изречените мерки – опомени, односно колку радиодифузерите и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа во периодот од 1-ви јули до 31-ви декември 2014-та година ги извршиле изречените мерки од страна на Агенцијата односно дали радиодифузерите, издавачите на печатените медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа го усогласиле своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и Правилникот за заштита на малолетните лица, податоците разработени во анализата, говорат за следната фактичка ситуација:

- *Изречени мерки решенија за изрекување мерка – опомена согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги*

**Од вкупно 36** (триесет и шест) **изречени** мерки – **опомени согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** во кои беше наведено дека радиодифузерите потребно е да го усогласат своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 33 (триесет и три) радиодифузери целосно постапија по изречената мерка, односно го усогласија своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услугу, кај 1 (еден) радиодифузер во тек е рокот за усогласување со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица, а 2 (два) радиодифузери не постапија по изречената мерка, односно не го усогласија во целост своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услугу. Против овие два радиодифузери беа поднесени барања за поведување на прекршочна постапка.




*Слика бр.4, Графички приказ на постапувањето на радиодифузерите по изречените мерки – опомени согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во периодот од 01.07. до 31.12.2014 година*

- *Изречени мерки решенија за изрекување мерка – опомена согласно Законот за медиуми*

Состојбата по однос **на извршувањето на изречените мерки – опомени согласно Законот за медиуми е** таква што на вкупно 13 (тринаесет) издавачи на печатени медиуми им беа изречени 19 (деветнаесет) мерки – опомени, согласно кои им беше даден рок од 30 (триесет) дена од денот на донесувањето на решението за преземање мерка – опомена, да го усогласат своето работење со одредбите од Законот за медиуми. Единаесет радиодифузери во дополнителниот рок од триесет дена го отстранија прекршувањето на законските одредби. Останатите 5 (пет) издавачи на печатени медиуми на кои им беа изречени вкупно 8 (осум) решенија за изрекување мерка – опомена имаат рок (до крајот на јануари/почетокот на февруари) да го усогласат своето работење о одредбите од Законот за медиуми.




*Слика бр.5, Графички приказ на постапувањето на издавачите на печатени медиуми по изречените мерки – опомени согласно Законот за медиуми во периодот од 01.07. до 31.12.2014 година*

Кај поведените прекршочни постапки, фактичката состојбата е таква што од вкупно 16 (шеснаесет) поведени прекршочни постапки, сите постапки за порамнување завршија неуспешно поради што до надлежните судови, Агенцијата поднесе се 16 (шеснаесет) барања за поведување на прекршочна постапка.

Анализираните податоци во врска со изречените и спроведени мерки од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се индикатори дека извршувањето на мерките од страна на радиодифузерите, издавачите на печатени медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа е на високо ниво, односно стапката на извршување на изречените мерки изразена во проценти изнесува 82%. Ваквата состојба, упатува на заклучок дека мерките на

Агенцијата, постигнале ефект кај радиодифузерите, издавачите на медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа.

## VI. ЗАКЛУЧОК

Грижата на Агенцијата како регулаторно тело, да обезбеди почитување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми како и условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, не е завршена со изрекувањето на мерките спрема радиодифузерите, издавачите на печатени медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа. Целта се постигнува со тоа што изречените мерките влијаат врз однесувањето на субјектите. Наведеното го заклучуваме од високиот процент на извршување на мерките од страна на Агенцијата (82%) што е показател за тоа дека регулаторот влијае кон одвраќање на субјектите од вршење повреди на Законот/подзаконските акти/дозволата за вршење телевизиско односно радио емитување во иднина.

Согласен,

Анализата ја одобри:

д-р Зоран Трајчевски, Директор

Прилози (5):

1. Решенија за преземање мерка – опомена од страна на АВМУ до радиодифузерите (трд и јавниот радиодифузен сервис) и издавачите на печатени медиуми
2. Преглед на изречени/извршени/неизвршени мерки – опомени од страна на радиодифузерите (трд и јавниот радиодифузен сервис) и издавачите на печатените медиуми
3. Поднесени барања за поведување на прекршочни постапки по неуспешно спроведени постапки за порамнување за прекршувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од страна на АВМУ против операторите на јавна електронска комуникациска мрежа и радиодифузерите
4. Донесена одлука за одземање на дозволата за радио емитување/вршење радиодифузна дејност од страна на АВМУ против радиодифузер (трд)
5. Донесени решенија за бришење од регистарот на радиодифузери

Прилог бр.1

**РЕШЕНИЈА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА – ОПОМЕНА ОД СТРАНА НА АВМУ ДО РАДИОДИФУЗЕРИТЕ (ТРД И ЈАВНИОТ РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС)**
**55 (педесет и пет) превземени мерки – опомени во периодот од 01.07.2014 година до 31.12.2014 година**

**КОНСТАТИРАНИ ПРЕКРШУВАЊА НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

| Ред. Бр. | **Назив на радиодифузерот на кого му е доставено решението** | **Уп 1 број и датум на решението** | **Одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги / Законот за медиуми која е повредена** | **Опис на дејствието поради кое на радиодифузерот му е доставено решението од страна на Агенцијата** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ | 03-298 од 15.07.2014 | член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Надминување на дозволеното времетраење на рекламирањето и на телешопинг спотовите повеќе од 12 минути на еден реален час |
| 2. | Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ | 03-299 од 15.07.2014 | член 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Емитување на рекламирање и телешопинг во програми за деца чие времетраење е еднакво или пократко од 30 минути |
| 3. | Трговско радиодифузно друштво РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ | 03-300 од 15.07.2014 | член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Необезбедување претходно акустично предупредување и визуелни знаци во текот на времетраењето на програмите кои би можеле да им наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица |
| 4. | Трговско радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ | 03-301 од 15.07.2014 | член 54 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Идентификување на спонзорот во текот на документираните и на програмите за деца |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Трговско радио дифузно друштво ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово | 03-349 од 29.08.2014 | Член 53 став 17 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Емитување аудиовизуелна комерцијална комуникација која не ги исполнува условите да биде вистинита и чесна, односно има потенцијал да ја заведе јавноста и е против интересите на потрошувачите |
| 6. | Трговско радио дифузно друштво ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово | 03-350 од 29.08.2014 | Член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Надминување на дозволеното време на рекламирањето и на телешопинг спотовите повеќе од 12 минути на еден реален час |
| 7. | Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово | 03-353 од 01.09.2014 | Член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Надминување на дозволеното време на рекламирањето и на телешопинг спотовите повеќе од 12 минути на еден реален час |
| 8. | Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово | 03-354 од 01.09.2014 | член 54 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Идентификување на спонзорот во текот на документираните и на програмите за деца |
| 9. | Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово | 03-355 од 01.09.2014 | Член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Регистрирано емитување на рекламни содржини што не се јасно одвоени од другите делови на програмата со оптички и/или звучни средства. |
| 10. | Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово | 03-356 од 01.09.2014 | Член 99 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Емитување поголем број на рекламни блокови во програма за деца која трае повеќе од 30 минути, без времето одвоено за рекламирање и телешопинг |
| 11. | Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово | 03-357 од 01.09.2014 | член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Необезбедување претходно акустично предупредување и визуелни знаци во текот на времетраењето на програмите кои би можеле да им наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица |
| 12. | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје | 03-359 од 01.09.2014 | Член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Регистрирано емитување на рекламни содржини што не се јасно одвоени од другите делови на програмата со звучни средства. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13. | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје | 03-360 од 01.09.2014 | Член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Надминување на дозволеното време на рекламирањето и на телешопинг спотовите повеќе од 12 минути на еден реален час |
| 14. | Трговско радиодифузно друштво ЗЛАТЕН КАНАЛ ДООЕЛ увоз – извоз Крива Паланка | 03-361 од 01.09.2014 | член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Емитување програми кои во текот на нивното времетраење не се означени со визуелни знаци. |
| 15. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш | 03-362 од 01.09.2014 | Член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Регистрирано емитување на рекламни содржини што не се јасно одвоени од другите делови на програмата со оптички и/или звучни средства. |
| 16. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш | 03-363 од 01.09.2014 | член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Емитување на програми што не се означени пред почетокот на нивното времетраење со соодветно акустично предупредување и програми кои во текот на нивното времетраење не се означени со визуелни знаци.. |
| 17. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш | 03-364 од 01.09.2014 | Член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Емитување прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации |
| 18. | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ | 03-365 од 01.09.2014 | Член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Надминување на дозволеното време на рекламирањето и на телешопинг спотовите повеќе од 12 минути на еден реален час |
| 19. | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ | 03-366 од 01.09.2014 | член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Емитување на програми што не се означени пред почетокот на нивното времетраење со соодветно акустично предупредување и програми кои во текот на нивното времетраење не се означени со визуелни знаци. |
| 20. | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ | 03-367 од 01.09.2014 | Член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Регистрирано емитување на рекламни содржини што не се јасно одвоени од другите делови на програмата со оптички и/или звучни средства. |
| 21. | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ТИКВЕШИЈА ДООЕЛ Кавадарци | 03-377 од 03.09.2014 | член 92 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Непочитување на обврската за процентуална распределба на емитуваната музика |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 22. | Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УКЛО ФМ БИТОЛА | 03-376 од 03.09.2014 | член 92 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Не почитување на обврската дневно да обезбеди најмалку 40% од емитуваната музика да биде инструментална од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално инструментална музика на македонски јазик |
| 23. | Трговското радиодифузно друштво ФОЛК – РАДИО ДООЕЛ Скопје | 03-380 од 11.09.2014 | Член 92 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Не почитување на обврската дневно да обезбеди најмалку 40% од емитуваната музика да биде инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално инструментална музика на македонски јазик. |
| 24. | Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје | 03-389 од 15.09.2014 | Член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Регистрирано емитување на рекламни содржини што не се препознатливи и јасно одвоени од другите делови на програмата со оптички и/или звучни средства. |
| 25. | Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп | 03-390 од 15.09.2014 | Член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Емитување прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации |
| 26. | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Прв програмски сервис (МРТ 1) | 03-392 од 17.09.2014 | Член 103 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Емитување рекламирање во периодот од 17.00 до 21.00 часот кое не е емитувано во рамки на програми за кои е утврден исклучок во Законот, односно не е емитувано во преноси и интегрални снимки на спортски натпревари , програма од сопствена продукција, друга програма произведена во Република Македонија, културни манифестации и настани од големо значење. |
| 27. | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Прв програмски сервис (МРТ 1) | 03-391 од 17.09.2014 | член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Емитување на програми што не се означени пред почетокот на нивното времетраење со соодветно акустично предупредување и програми кои во текот на нивното времетраење не се означени со визуелни знаци.. |
| 28. | Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО | 03-471 од 10.11.2014 | Член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Не почитување на обврската дневно да обезбеди најмалку 40% од емитуваната музика да биде инструментална од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | РАДИО УГД ФМ Штип | | | вокално инструментална музика на македонски јазик. |
| 29. | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје | 03-501 од 05.12.2014 | Член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неемитување на програма на македонски јазик и кирилско писмо |
| 30. | Трговско радиодифузно друштво Радио канал 77 ДООЕЛ Штип | 03-506 од 05.12.2014 | Член 54 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Во спонзорираните аудио или аудиовизуелни медиумски услуги или програми не е јасно означено дека се работи за спонзорирана програма |
| 31. | Трговско радиодифузно друштво БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје | 03-519 од 11.12.2014 | Член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Емитување на реклами што не се јасно одвоени од другите делови на програмата |
| 32. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | 03-520 од 11.12.2014 | член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Несоодветно категоризирана програма и емитување во несоодветен временски период за категоријата програма |
| 33. | Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ с.Арачиново, Арачиново | 03-582 од 15.12.2014 | Член 97 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Неемитување на знакот за идентификација на радиодифузерот најмалку еднаш во текот на еден реален час на радио програмата |
| 34. | Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ с.Арачиново, Арачиново | 03-581 од 15.12.2014 | Член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Емитување на реклами што не се јасно одвоени од другите делови на програмата со звучни средства |
| 35. | Трговско радиодифузно друштво ТВ Макпетрол ДООЕЛ Скопје | 03-716 од 29.12.2014 | Член 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Емитување рекламирање и телешопинг во програми за деца чие времетраење е еднакво или пократко од 30 минути |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 36. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ Скопје | 03-735 од 13.12.2014 | Член 50 став 3 од законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица | За време на емитувањето на играните програми не се аплицирани визуелни знаци за заштита на малолетните лица. Акустичното и визуелното предупредување е емитувано само пред започнување на емитување на самата содржина. |
| **КОНСТАТИРАНИ ПРЕКРШУВАЊА НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ** | | | | |
| 37. | Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз – извоз Скопје | 03-437 од 28.10.2014 | Член 12 став 1 од Законот за медиуми | Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз – извоз Скопје, издавач на печатен медиум – дневниот весник „Нова Македонија", во изданието бр.23305 од 24.10.2014 година не ја исполни во целост обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми, односно не ги објави податоците за: датумот на печатење или препечатување. |
| 38. | Трговско друштво за издавачка дејност, трговија, производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз – извоз Скопје | 03-438 од 28.10.2014 | Член 12 став 1 од Законот за медиуми | Трговско друштво за издавачка дејност, трговија, производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз – извоз Скопје, издавач на печатен медиум – неделниот весник „Капитал", во изданието бр.782 од 24.10.2014 година не ја исполни во целост обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми односно не ги објави податоците за: датум на печатење или препечатување и бројот на печатени примероци. |
| 39. | Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје | 03-439 од 28.10.2014 | Член 12 став 1 од Законот за медиуми | Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје, издавач на печатениот медиум дневниот весник „Слободен печат", во изданието бр.304 од 24.10.2014 година не ја исполни во целост обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми односно не ги објави податоците за:бројот на печатени примероци. |
